Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 03-751/2
24.09. 2020 год.
ВЕВЧАНИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и Решение на градоначалникот за објавување на оглас за избор на директор на ЈП ‘‘Еремја‘‘ Вевчани бр.09-751/1 од 24.09.2020 година, Градоначалникот на општина Вевчани објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС
за избор на директор на ЈП‘‘Еремја‘‘ Вевчани

Кандидатот за директор покрај општите услови предвидени со Законот потребно е да ги исполнува и следните услови:

- високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКСТ или завршен VII/1степен образование
-да има минимум 5 години работно искуство
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
-да е државјанин на Република Северна Македонија
-поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од 5 години и тоа:ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT)-најмалку 74 бода, ИЕЛТС (ILEC Cambridge English:legal) – најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambrige English Frst) – положен, БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS)- најмалку ниво Б2 (B2)

Кандидатите за директор треба да ги приложат следните документи:
-Пријава по оглас со кратка биографија (ЦВ) и мотивационо писмо
-Програма за работа на директорот на претпријатието од 2020 година до 2024 година
-Диплома/Уверение за завршено високо образование
-Доказ дека против кандидатот не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
-Потврда за работно искуство
-Уверение за државјанство на Република Северна Македонија
-Доказ дека кандидатот има општа здравствена состојба (лекарско уверение)- по изборот ќе го достави само избраниот кандидат.

Рок за доставување на документите е 15 дена и започнува да тече наредниот ден од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат.
Потребните документи: во оргинал или заверени копии на Нотар се доставуваат до Општина Вевчани со назнака “Комисија за разгледување на документите по јавен оглас за избор за директор на претпријатието‘‘.
Некомплетните и ненавремените документи ќе бидат отфрлени и Комисијата нема да ги разгледува. Со кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе се изврши интервју, а за место и време ќе бидат дополнително известени.
Комплетните пријави Комисијата ги доставува во рок од 8 дена до градоначалникот на општина Вевчани.

Изборот ќе се изврши во рок од 15 дена.

Основната месечна плата изнесува 25.000,00 денари.

Работно време е 5 работни дена со 40 работни часови во неделата со дневно работно време:07:30 до 15:30 часот.

Контакт лице по јавниот повик :Љиљана Батковска, советник за нормативно правни работи и човечки ресурси

Општина Вевчани
Градоначалник,
Сашо Јанкоски